**Стручен труд**

**УДК:930.85(=16)(062)**

# МЕЃУНАРОДЕН КОНГРЕС НА ИСТОРИЧАРИ-СЛАВИСТИ (12–17 септември 2017, С.Петербург). INTERNATIONAL CONGRESS OF HISTORIAN-SLAVIST (12–17 September 2017, S.-Petersburg)

Меѓународниот конгрес на историчари-слависти, посветен на темата: „Како да се изучува историјата на словенскиот свет денес?“ (International Congress of Historian-Slavist „How to study the history of the Slavic world today?“), се одржа во С.Петербург (Руската Федерација), од 12-ти до 17-ти септември 2017 година. Настанот беше во организација на Санктпетербуршкиот државен универзитет, по повод 150-годишнината од Словенскиот конгрес (1867-2017). Конгресот се одвиваше низ пленарни заседанија и секции, на кои настапија учесници од Русија, Полска, Германија, Белорусија, Македонија, Словачка, Црна Гора, Србија, Бугарија, САД, Канада, Чешка, Италија, Молдавија и Романија.

Првото пленарно заседание, насловено како „Историската славистика во почетокот на XXI век: изводи и резултати“, беше посветено, пред сѐ, на теми од историјата, традицијата и моменталната состојба на славистичките проучувања во Русија. Но, исто така, беа презентирани и разни студии на случаи, коишто се предмет на интерес на славистите-историчари низ Европа (археолошките проучувања на древнорускиот град, студии за етногенезата на Словените, како и низа прашања од медиевистиката, интердисциплинарните методи за изучување на словенскиот идентитет и слично). Второто пленарно заседание „Извори за словенскиот свет: словенскиот идентитет во средновековието“, беше специјаистички поглед на прашањата како што се: кирило-методиевската проблематика, киевската култура, словенските племиња и нивниот идентитет и јазични особености, како и одразот на историските личности во историската меморија.

Работата на Конгресот се одвиваше во повеќе секции, посветени на одделни теми: „Словенскиот идентитет во историска ретроспектива: од раниот нов кон новиот век“,„Славянскиот идентитет во историска перспектива на крајот на XIX – почетокот на XX век“, „Словенскиот свет и неговата историја во средниот и раниот нов век: проблеми на толкувањето и изучувањето“, „Словенскиот свет и неговата историја во новото и најновото време: проблеми на толкувањето и

изучувањето“, „Словенскиот конгрес во 1867 година“ и „Достигнувањата на славистиката во XVIII–XXI век“. Презентација на можностите за публикување научни трудови низ разни научни списанија, коишто се специјализирани за славистичка тематика, беше тема на Тркалезната маса „Каде да публикува славистот? Современа научна периодика“. Прашањата, пак, поврзани со некои историски и актуелни состојби во историографијата и методологијата на предавање на историјата на словенските земји, беа посебно опфатени на Тркалезната маса „Потрагата по начини за современото изучување и предавање на славистиката“. Конгресот заврши со сумирање на резултатите, а вредно е да се спомене и тоа што во рамките на Конгресот беа спроведени и две тематски екскурзии во Петергоф и во Стара Лагода („Словените и империјалните престолнини“ и „На изворите на словенскиот свет“).

Научните реферати претставени на овој конгрес овозможија поглед кон широк дијапазон прашања од областа на славистиката во светот, пред сè, научните достигнувања на историчари-слависти, историографијата и историјата на славистиката, панславизмот и словенофилите. Беа иследувани идентитетот, јазикот, традицијата, етнокултурното и книжевното наследство кај разни народи, како и нивните духовни врски, литературни и научни контакти низ историјата. Во таа смисла се интересни и темите околу националното самоопределување, самоидентификацијата, идејно-политички текови и проекти, па до воено-политичките аспекти на историјата на меѓународните односи и создавањето на државите на словенските народи. Исто така, како предмет на анализа се јавија и историската меморија за одредени личности и историски настани, како и политиката на меморија, печатот и етномузеолошки репрезентации во музејската практика, влијанието на изучувањето на историјата врз формирањето на националниот идентитет, како и низа други субспецијалистички студии.

Особено е интересен дискурсот на значењето на Словенскиот конгрес од 1867 година и неговиот одраз во историски и современ аспект сред словенскиот свет. Во тој контекст е важно да се забележи дека токму на овој Славистички конгрес, македонски претставник учествуваше во свој реферат. Проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска од Институтот за национална историја настапи со презентација (“Picture of Slavic World through the Prism of a 19th Century Macedonian Manuscript (Transfer of Knowledge and Ideas”), која беше во рамките на меѓународниот проект „Размена на знаења и академски култури во општествените науки, Европа и регионот на Црното Море“

("Knowledge Exchange and Academic Cultures in the Humanities. Europe and the Black Sea Region"), финансиран од European Union's Horizon 2020 Research and Innovation Programme.

***Билјана Ристовска-Јосифовска***